| | 427 | Привремени вработувања | 3.210.000 | 2.870.381 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.357.669 | 2.321.623 | 0 | 0 | 7.567.669 | 5.192.004 | 2.375.665 | 68,61 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | | КАМАТИ | 1.100.000 | 718.646 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 | 718.646 | 381.354 | 65,33 |
| | 452 | КАМАТИ ПО СТРАНСКИ КРЕДИТИ | 1.100.000 | 718.646 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 | 718.646 | 381.354 | 65,33 |
| 46 | | Субвенции и трансвери | 27.403.022 | 18.902.840 | 2.089.670 | 705.944 | 478.600 | 122.806 | 5.313.038 | 2.045.405 | 0 | 0 | 35.284.330 | 21.776.995 | 13.507.335 | 61,72 |
| | 461 | субвенции за јавни претпријатија | 2.195.911 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.195.911 | 1.000.000 | 1.195.911 | 45,54 |
| | 463 | трансвер до невладини организации | 2.440.000 | 2.236.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.440.000 | 2.236.000 | 204.000 | 91,64 |
| | 464 | Разни трансвери | 22.767.111 | 15.666.840 | 2.089.670 | 705.944 | 478.600 | 122.806 | 5.313.038 | 2.045.405 | 0 | 0 | 30.648.419 | 18.540.995 | 12.107.424 | 60,50 |
| 47 | | Социјални бенифиции | 760.000 | 490.640 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 760.000 | 490.640 | 269.360 | 64,56 |
| | 471 | социјални надоместоци | 760.000 | 490.640 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 760.000 | 490.640 | 269.360 | 64,56 |
| 49 | | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА | 3.000.000 | 2.953.361 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 2.953.361 | 46.639 | 98,45 |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 3.000.000 | 2.953.361 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 2.953.361 | 46.639 | 98,45 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | | Капитални расходи | 173.257.200 | 35.347.638 | 0 | 0 | 411.000 | 12.970 | 2.705.257 | 1.870.607 | 0 | 0 | 176.373.457 | 37.231.215 | 139.142.242 | 21,11 |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 2.900.000 | 596.492 | 0 | 0 | 289.000 | 12.970 | 2.705.257 | 1.870.607 | 0 | 0 | 5.894.257 | 2.480.069 | 3.414.188 | 42,08 |
| | 482 | други градежни објекти | 167.523.754 | 34.567.700 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 167.523.754 | 34.567.700 | 132.956.054 | 20,63 |
| | 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000 | 0 | 12.000 | 0,00 |
| | 485 | други нефинансиски средства | 2.833.446 | 183.446 | 0 | 0 | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.943.446 | 183.446 | 2.760.000 | 6,23 |

**Образложение**

**Лице за контакт** **Овластено лице(печат и потпис):**

**Име и презиме и тел.број:** **Елена Стојановска Радевска 047 551 485**

## Образец К2
## Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски

**Општина :** Ресен
**Квартал :** 01.7.2025 година до 30.09.2025 година
**Датум на поднесување на извештајот:** 30.10.2025
ден, месец, година

*(во денари)*

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| Јануари | 1.390.327 | | 114.471 | 11.245.066 | **11.359.537** | **12.749.864** |
| Февруари | 1.284.556 | | 20.511 | 11.523.127 | **11.543.638** | **12.828.194** |
| Март | 1.314.233 | | | 11.280.476 | **11.280.476** | **12.594.709** |
| Април | 3.535.777 | | | 4.810.707 | **4.810.707** | **8.346.484** |
| Мај | 1.523.799 | | | 6.728.202 | **6.728.202** | **8.252.001** |
| Јуни | 7.406.018 | | | 8.636.510 | **8.636.510** | **16.042.528** |
| Јули | 4.103.581 | | | 6.193.550 | **6.193.550** | **10.297.131** |
| Август | 4.696.221 | | | 3.428.712 | **3.428.712** | **8.124.933** |
| Септември | 3.779.323 | | | 4.205.537 | **4.205.537** | **7.984.860** |
| Октомври | | | | | | |
| Ноември | | | | | | |
| Декември | | | | | | |

| **Расходна ставка** | **Вкупно обврски** |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | 4.445.961 |
| 423 | 323.490 |
| 424 | 176.929 |
| 425 | 1.495.318 |
| 426 | 486.479 |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | 125.000 |
| 464 | 20.511 |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 1.199 |
| 481 | |
| 482 | 909.973 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | |
| 486 | 0 |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **7.984.860** |

**Образложение :**

**Во образецот К2 кој се однесува за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година, искажани се обврски во вкупен износ од 7.984.860,00 денари**

**Друга поголема ставка во К2 образецот е ставката 421 со износ од 4.445.961,00 ден. во кој е и долгот на Општина Ресен кон ЕЛЕМ А.Д. Долгот не е утужен од причина што за тој долг е склучена Спогодба помеѓу Општина Ресен и ЕЛЕМ А.Д. Македонија. Во расходна ставка 421 ЕЛЕМ А.Д. Македонија учествува со износ од 4.515.896,00 ден. и истиот е со дата на пресек 30.09.2025 година.**

**Расходното ставка 423 на износ од 323490,00, денари се однесува на неплатени обврски од набавка на материјали и ситен инвентар**

**Расходната ставка 424 на износ од176.929,00 денари се однесува на обврски од поправка и тековно одржување**

**Расходната ставка 425 на износ од 1.495.318,00 денари се однесува на обврски по основ на договорни услуги**

**Расходната ставка 426 на износ од 486.479,00 денари се однесува на обврски по основ на други тековни расходи**

**Расходната ставка 482 на износ од 909.973,00 денари се однесува на обврски по основ на други градежни објекти.**

Лице за контакт :
Име и презиме и тел. број: Ивана Ѓореска Босилковска 077 599 119

Овластено лице ( печат потпис)

_______________________________

**Образец КЗ**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

**Општина:** **Ресен**

**Известаен период :** од **01.01.2025** **година** до **30.09.2025** **година**

( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

**Датум на поднесување на извештајот:** **05.11.2025**

( ден, месец, година)

**Долг на општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | МСИП2-НЦБ-006-19 | Проект за подобрување на опш услуги-Реконструкција на улици во градот Ресен | Меѓународ на Банка за обнова и развој-Светска Банка | МКД | 29.525.906 | 2% | 13 години | 3 години | | не | в | 2022 година | 2031 година | 2019 година | 2031 година | 2.953.361 МКД | 718.646 МКД | 10.09.2025 година | 2.953.361 МКД | 718.646 МКД | 17.09.2025 година | / | / | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Ивана Ѓореска Босилковска, 047 551 765

Овластено лице (печат и потпис):

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;

** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.11.2025 година.

Бр.09-2622/2
14.11.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,04/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и167/2016) Советот на Општина Ресен на 2-та седница, оддржана на ден 14.11.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН**

**за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2025 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A10** | **ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 401110 | Основни плати -функционери | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработувањ | 1.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 558.689 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 452410 | Камата на кредити | -220.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРО** | | | | | |
| 485420 | Надомест за одземен имот | -566.689 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 426990 | Други оперативни расходи | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | -330.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ресен и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2025 година.

Бр. 08-2579/4
14.11.2025
Ресен

Претседател на Советот на Општината
Коста Замановски с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.11.2025 година.

Бр.09-2622/3
14.11.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,04/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и167/2016) Советот на Општина Ресен на 02-та седница, оддржана на ден 14.11.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН
## за 2025 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2025 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | -105.252 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | -80.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | -280.489 | 0 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | -8.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 350.200 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 11.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 92.541 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 52.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 3.000 | 0 | 0 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | 1.750 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 18.500 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 6.500 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | 24.460 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | -34.460 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | -1.750 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -864.000 | 0 | 0 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | -8.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -60.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | -20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421290 | Други материјали за греење | 0 | -15.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 35.000 | 942.000 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | -15.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 0 | -10.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на Општина Ресен" и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2025 година.

Бр. 08-2579/5
14.11.2025
Ресен

Претседател на Советот на Општината

Коста Замановски с.р

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.11.2025 година.

Бр.09-2622/4
14.11.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,04/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015,167/2016, 203/2022, 76/2024 и 272/2024), Советот на Општина Ресен на 02-та седница, оддржана на ден 14.11. 2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **РЕСЕН**

За **2025** година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|

Се зголемуваат приходите на следните потаставки :

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 977.653 | 0 | 0 |
| | | **0** | **977.653** | **0** | **0** |

и се распредуваат на следните расходни потаставки :

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 25.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 125.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 4.000 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 190.000 | 0 | 0 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 6.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 497.653 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **977.653** | **0** | **0** |

## Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ресен и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2025 година.

Бр. 08-2579/6
14.11.2025
Ресен

Претседател на Советот на Општината
**Коста Замановски с.р**

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Планот на програми за развој во Општина Ресен за 2026-2028 година

Се објавува План на програми за развој во Општина Ресен за 2026-2028 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.11.2025 година.

Бр.09-2622/5
14.11.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“,бр.07/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.11.2025 година, донесе

**П Л А Н Н А П Р О Г Р А М И З А Р А З В О Ј**
**во Општина Ресен за 2026-2028 година**

**Вовед**

Со цел подобрување на квалитетот на живот се предвидуваат инвестициони активности од развоен карактер во согласност со стратешките документи на Општина Ресен во период 2026-2028 година и истите ќе се реализираат преку соодветни годишни програми.

Планот на програми за развој се состои од инвестиции распределени во следните области:

1. Урбанистичко планирање
2. Изградба на објекти
3. Изградба на системи за водоснабдување
4. Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни фекални води
5. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици
6. Локален економски развој и прекугранична соработка
7. Други комунални работи ( Чистење на речните корита)
8. Заштита на животна средина
9. Дигитална инфраструктура и услуги

**1.Во рамките на активностите за урбанистичко планирање планирани се следните активности:**

**1.1 Изработка на урбанистичко планска документација на туристичките населби Претор, Отешево, Царина, с.Стење и авто-камп Крани**

Оваа активност предвидува изработка на урбанистичко планска документација за воспоставување и уредување на туристичките населби Претор, Отешево, Царина, с.Стење и авто-камп Крани.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2026-2028 година.

**1.2 Ажурирање на веќе постоечката урбанистичко-планска документација**

Оваа активност предвидува ажурирање на веќе постоечката урбанистичко-планска документација, ажурирање на ГУП, донесување на ДУП за урбаните единци на градот Ресен, измена и дополнување на Деталните Урбанистички Планови како и изработка на урбанистичко планска документација за селските населби.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2026-2028 година.

**1.3 Изработка на урбанистичко-планска документација за стопански комплекси за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на јаболка**

Оваа активност предвидува изработка на на урбанистичко-планска документација за стопански комплекси за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на јаболка, со што ќе се овозможи изградба и отпочнување со работа на три нови стопански комплекси.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2026-2028 година.

**2. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на објекти планирани се следните активности:**

**2.1 Изградба на Комплексот „ Финско Село " м.в. Маркова Нога, КО Долно Дупени - Ресен**.

Градежните работи опфаќаат: комерцијални и деловни објекти, хотелски комплекс, викенд куќи и целосна инфраструктура.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2026-2028 година.

**2.2 Решавање на проблемот со недостаток на паркинг места**

Оваа активност предвидува решавање на тековниот проблем со недостигот на слободни места за паркирање. Активностите за реализација на оваа активност ќе бидат предвидени согласно соодветна техничка документација за урбанистичко решение, изградба на Катна Гаража и соодветна економско-финансиска анализа.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.3 Реконструкција и уредување на основните училишта во Општина Ресен**

Оваа активност предвидува реконструкција уредување и опремување на училишните згради, мерки за енергетска ефикасност, хортикултурно уредување и опремување на централните и подрачните училишта на територијата на Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, Министерство за образование и наука, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.4 Подобрување на спортската инфраструктура и условите за спортување на младите**

Оваа активност предвидува продолжување на активностите за спортска сала во основното училиште Мите Богоевски во Ресен, спортска сала во основното училиште Браќа Миладиновци во с. Царев Двор. Снирање, опремување на градскиот стадион, реконструкција и санација на спортски игралишта во градот и туристичките локалитети Претор, Отешево, Стење, авто-камп Крани и изградба на адреналински паркови и зип лајн.

Дополнително ќе се превземат активности за развој на спортот на село, реконструкција на спортски терени во селските населби, поддршка на натпревари во старински спортови, традиционални и народни игри, планинарење, адреналински спортови и сл.

Со овие инвестиции ќе се придонесе кон унапредување на спортот и спортските активности во Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, Министерство за образование и наука, Агенција за млади и спорт, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.5 Јавно осветлување**

Оваа активност предвидува поставување на систем за јавно осветлување на регионалниот пат Р1307 клучката за с.Горно Дупени, улицата до средното општинско училиште, како и поставување на дополнителни сијалични места каде што нема осветлување.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, Министерство за образование и наука, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.6 Партерно уредување на Плоштад Цар Самоил**

Оваа активност предвидува мерки за реконструкција, адаптација на градскиот плоштад

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.7 Реконструкција и санација на објекти во функција на развој на културата**

Оваа активност предвидува мерки за реконструкција на објекти со културно историско наследство, санација на Дом на култура Драги Тозија, ставање во функција на сувенирница, спомен соба на Нијази Беј, како и интегрирање на Ресенска керамичка колонија во културно-туристичката понуда на Општина Ресен.

Реконструкција, адаптација и премнамена на објект ,, Стара Пожарна‘‘

Адаптација и санација на објекти за изведување на културни настани како кино салата, амфитеатарот, амбиентално културни сцени во Претор, Сливница, Асамати и Отешево.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.8 Унапредување на социјална грижа за ранливите категории на граѓани детска заштита и грижа за стари и изнемоштени лица**

Оваа активност предвидува мерки за изградба на детска градинка во рурална средина, хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема во постоечките детски градинки, создавање на услови за отварање на старски дом, изградба на детски паркови на територија на Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Министерство за транспорт и врски, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.9 Адаптација на постоечки објект во младински културен центар**

Со оваа активност ќе се допринесе во создавање на квалитетни услови поттикнување на развојот на кретаивни активности и дообразование на младата популација.

Оваа активност предвидува активности за адаптација и опремување на постоечки објект во функција на младински културен центар.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.10 Изградба на пропратна инфраструктура за градскиот пазар**

Оваа активност предвидува мерки за изградба на пропратна инфраструктура на градскиот пазар, урбана опрема, паркинг простор, настрешници, адаптација, реконструкција, санација на постојната инграструктура и сл.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**2.11.Мерки за енергетска ефикасност**

Оваа мерка предвидува активности за обезбедување на услови за гасификација на стамбени и индустриски капацитети, воведување на субвенции за поставување на фотонапонски панели, субвенции за термофасади, субвенции за инвертер клими, мерки за поефикасно јавно осветлување, како и примена на позитивни примери од ЕУ градови во полето на енергетската ефикасност.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на системи за водоснабдување планирано е следното**

**3.1 Ресен** - реконструкција на водоводната мрежа во град Ресен.

Оваа активност предвидува реконструкција на пет километри од постојната водоводна мрежа, замена на азбестни цевки и изградба на два километри нова водоводна мрежа, изградба на куќни приклучоци. Исто така се предвидува поставување на современа мерна и контролна опрема на системот со цел намалување на загубите на вода.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3.2 Претор и Асамати**- изградба на водоводен систем и обезбедување на дополнителни количини на вода

Оваа активност предвидува изградба на нов систем за водоснабдување и обезбедување на дополнителни количини на вода.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3.3 Јанковец** - изградба на водоводен систем и обезбедување на дополнителни количини на вода

Оваа активност предвидува изградба на нов систем за водоснабдување. Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3.4 Сливница – ставање во функција на реконструираниот водовод**

Оваа активност предвидува изградба на доводен цевковод од извор до реконструираниот водоводен систем во Сливница. Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година..

**3.5 Обезбедување на дополнителни количини на вода за централниот градски водовод**

Оваа активност предвидува изградба на две нови бушотини за обезбедување на дополнителни количини на вода во централниот градски водоводен систем.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3.6 Долно Дупени - обезбедување на дополнителни количини на вода**

Оваа активност предвидува подготовка на соодветна техничка документација и изведба на техничко решение за обезбедување на дополнителни количини на вода за село Долно Дупени.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3.7 Реконструкција и надградба на хидрантската мрежа**

Оваа активност предвидува реконстукција и обнова на постоечката хидрантска мрежа како и поставување на нови хидранти на територијата на Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3.8 Набавка и изведба на хлоринатори**

Повеќето населени места кои не се вклучени на регионалниот водовот и се снабдуваат со вода за пиење од локални извори, истата не ја хлорираат. Од овие објекти перманентно преку Заводот за здравствена заштита во Битола се зема вода за лабараториска анализа во поглед на хемиската и бактериолошката исправност, при што од лабараторискиот преглед на водата се констатира дека примерокот одговара на Правилникот за безбедноста на водата за пиење, но истата не се хлорира.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**3.9 „Изведба на примарна водоводна мрежа со куќни приклучоци на ул. „Наум Веслиевски ‘‘ општина Ресен‘‘** „Изведба на примарна водоводна мрежа со куќни приклучоци на ул. „Наум Веслиевски ‘‘ која е стамбена улица согласно ДУП за УЕ 3 БЛОК 1 град Ресен. Изведбата на примарна водоводна мрежа со куќни приклучоци е со цел подобрување на водата за пиење како и подобрување на квалитетот на водоснабдување до крајните корисници од овој дел на градот. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 8.846.826,оо денари.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2026-2028 ‘‘.

**3.10 Изведба на примарна водоводна мрежа со клучни приклучоци на ул. 11 Септември и ул. Бигла , Општина Ресен.** Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 5.432.081,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2026-2028.

**3.11 Реконструкција на водоводна линија на дел од ул. Иво Лола Рибар, Општина Ресен.** Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 2.137.932,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2026-2028.

**3.12 Изведба на примарна водоводна мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска ударна бригада, Општина Ресен**. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 4.218.390,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2026-2028.

**3.13 Изведба на примарна водоводна мрежа на ул. Наум Веслиевски, крак 1 и крак 2 по постоечка состојба, општина Ресен.** Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 3.336.899,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2026-2028‘‘.

## 4. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на фекална и атмосферска канализација планирано е следното:

**4.1 Стење** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со изградба на овој се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица која е предвидена да се изгради на околу 300 м јужно од селото, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе изнесува 1,60 м и ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. Трасите на канализационите водови минуваат по сите улици така што некаде е потребно да се изврши сечење на асвалтната лента со ширина од 1,00 м вдолж патот. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста 42.424.095 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.2 Јанковец** - изградба на главен цевковод и секундарни линии за фекална канализација

Со изградба на овој систем се планира канализирање на отпадните води кои се ослободуваат од домаќинствата и другите објекти од селото во . Истите ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собират во колектори кои фекалните и одпадните води ќе се носат во пречистителна станица.

Финансиски средства за реализација на активноста 19.127.620,28 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.3 Грнчари** - изградба на фекална канализација

Канализациониот систем во с.Грнчари, предвиден е да биде сепарационен, односно би се одведувале само фекалните води и атмосферските води и понатаму би истекувале слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор, а кон него се приклучуваат споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж постојните улици и попатно се приклчучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Финансиски средства за реализација на активноста 27.069.818 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.4 Подмочани** - изградба на фекална канализација

Канализациониот систем во с.Подмочани, предвиден е да биде сепарационен, односно би се одведувале само фекалните води а атмосферските води и понатаму би истекувале слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор а кон него се приклучуваат споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж постојните улици и попатно се приклчучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Како најзастапени објекти на канализационата мрежа се ревизионите шахти на кои се приклучуваат објектите.

Финансиски средства за реализација на активноста 24.786.382 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.5 Крани и Арвати** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица. Со изградба на овој се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица која е предвидена да се изгради на околу 600 м јужно од селото, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон реката.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. По должина на трасата се предвидува да се поставаат ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста 41.986.243 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.6 Претор со туристичка и вилска населба** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од туристичката и вилската населба. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува прикличување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се поставаат ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста 73.802.953 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.7 Долно Дупени**– изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста 47.955.048 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.8 Брајчино** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста 47.219.145 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.9 Сливница** – изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото. Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.Финансиски средства за реализација на активноста 37.784.540 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

**4.10 Долно Перово** – изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителната станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа е предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата.

Финансиски средства за реализација на активноста 2.000.000 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**4.11 Љубојно – доизградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица**

Со оваа активност се планира да се направи експертска анализа на делумно изградената канализациона мрежа во Љубојно, да се поготви техничка документација за санација и доградба на истата ка и изградба на пречистителна станица.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**4.12 Дрмени - ставање во функција на изградена канализациона мрежа**

Со оваа активност се планира да се направи експертска анализа на изградената канализациона мрежа во Дрмени, изградба на куќни приклучоци и да се превземат активности за ставање во функција на истата.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

**4.13 Реконструкција на пречистителна станица во Езерени**

Оваа активност предвидува мерки за реконструкција, надградба на пречистителната станица во Езерени, како и поставување на современа мерна и контролна опрема со цел оптимизација на процесот. Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година.

Со реализирање на горенаведените активности ќе се заштити и унапреди животната средина, природата. Правилното управување со фекалните води ќе донесе создавање на предуслови за подобрување на квалитетот на животот на населението заштита на животната средина и развој на туризмот.

**4.14 Изведбата на атмосферска канализација на дел од ул.„Борис Кидрич“ општина Ресен.** Изведбата на атмосферска канализација на дел од ул.„Борис Кидрич“ е со цел подобрување на безбедноста во сообраќајот, безбедно движење на пешаците и подобрување на квалитетот на живеење на жителите на општина Ресен, како и да се затвори отворениот канал со цел добивање на пешачка патека од западната страна долж ул.Борис Кидрич. Делумно каналот веќе е парцијално ставен во цевка кај приклучните сообраќајници. Во отворениот канал се сливаат водите над оваа делница кои гравитираат кон ул.Борис Кидрич. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 9.316.424,оо денари.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ и буџет на Општина Ресен`.

Временска рамка 2026-2028.

**4.16 Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресен**. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 7.540.777,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2026-2028.

**4.17 Изведба на атмосферска канализациона мрежа на ул. Иво Лола Рибар ,Општина Ресен.** Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 8.916.796,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2026-2028‘.

**5. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта, улици и плоштади, планирано е следното:**

**5.1 Реконструкција на улици на територија на Град Ресен:**

Оваа активност предвидува подготовка на соодветна техничка документација и активности за изградба, реконструкција на локални патишта и улици на територијата на Градот Ресен

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2026-2028 година

